Бр./Nr 12-7925/2

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

10-04-2023 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 84-та седница, продолжение одржано на 31.03.2023 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-7925/1 од 23.08.2022 година, против ------- ----------, поранешен претседател на Комисија за спречување и заштита од дискриминација, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување од причина што во пријавата не се содржани јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност.

Предметот со број 12-7925/1 од 23.08.2022година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител на ден 23.08.2022 година, на службената e-mail адреса на Комисијата за заштита од дискриминација, со истовремена достава и преку службената e-mail на ДКСК, доставена е претставка со незадоволство од постапувањето на ------- ---------, претседател на Комисија за спречување и заштита од дискриминација во времето кога е поднесена пријавата, по што е оформен предмет број 12-7925/1 од 23.08.2022. Во пријавата подносителот наведува дека посоченото лице не ги заштитила неговите права пред работодавачот „------------" бидејќи како што наведува, „во обидот за вработување бил дискриминиран поради партиски влијанија и вработувања на партиски активисти". Подносителот изразува сомнеж дека не постапувањето на пријавеното лице е поради неговите поранешни активности како претседател на синдикатот во АД Фабрика за кабли ------------.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека пријавените наводи немаат елементи на коруптивни активности согласно дефиницијата утврдена во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Воедно, во пријавата се содржани општи наводи, при што истите не се јасни и не содржат укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност. Следствено, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:- подносителот на пријавата

Изработил: А.Р.М.

Одобрил: К.Н., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Катица Николовска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk